ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

Ви испракаме дополнение на претходното известување во врска со Годишно собрание на РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ одржано на 08.04.2021 година:

1. Во врска со првата точка од дневниот ред која се состои од разгледување на годишниот извештај за работењето на друштвото за период јануари – декември 2020, усвојување на извештајот и одобрување на работата на Управниот одбор по завршување на дискусиите без раздвојување на гласањето за усвојување на извештајот од гласањето за одобрување на работата и водењето на работењето со друштвото на членовите на управниот одбор, собранието гласало единствено по првата точка при што 9809 гласа биле ЗА, а 9907 гласа ПРОТИВ. Во случајов не е одлучено одделно за одобрувањето на работата за 2020 година на секој член на Управниот одбор на што обврзува член 384 став 5 од ЗТД.

Од страна на ниту еден акционер присутен на годишното собрание не е побарано отповикување на ниту еден член на Управниот одбор ниту е донесена одлука за отповикување на било кој член на Управниот одбор.

2. Во врска со дискусиите и гласањето по шестата точка од дневниот ред извештај за работењето на Надзорниот одбор на друштвото за 2020 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор по образагање на извештајот од страна на Председателот на Надзорниот одбор и по кратките дискусии на двајца акционери целата точка е ставена на гласање без притоа да се одлучува најпрвин за усвојување на извештајот на Надзорниот одбор, а потоа одделно за одобрување на работењето на секој член на Надзорниот одбор пооделно согласно член 384 став 5 од ЗТД резултатот од гласањето на присутните акционери е 9809 ЗА и 9907 ПРОТИВ.

На самото Годишно собрание ниту еден акционер не предложи отповикување на ниту еден член на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД.

Со оглед на наведеното Претседавачот одлучи Годишното собрание да продолжи согласно законски рок од 8 до 15 дена.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

Добривоје Поповски